A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-3411
12.01 2022 год.
ЗРНОВЦИ

# ЈАВНА ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ИМОТ ЗА 2022

Врз основа на член 29 од Законот за даноците на имот ( Службен Весник на РМ бр 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16) и Службен Весник на Република Северна Македонија бр 151/21 , Градоначалникот на Општина Зрновци објавува

## ЈАВНА ПОКАНА

за поднесување на годишна даночна пријава за утврдување на данокот на имот за 2022 година

1.Даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2022 година ( **образец ДИ**) поднесува даночен обврзник ( правно или физичко лице ), сопственик, корисник или плодоуживател на недвижен имот: едностанбени и повеќестанбени објекти за домовуање, гаражи,деловни згради и деловни простории, други објекти како и инсталации подигнати врз нив или под нив и трајно споени со нив , за :

а) имот што го стекнал или почнал да го користи во текот на 2021 година, а за кој нема поднесено даночна пријава ( нов даночен обврзник, дополнително стекнат имот кој подлежи на оданочување и сл)

б) Имотот кај кој настанале промени во сопственоста,

в) Имотот кај кој настанале промени во вредноста ( доградба, надградба, проширување и сл).

Даночната пријава се поднесува до Општина Зрновци – Одделение за финансиски прашања, секој работен ден од 08-16 часот, а најдоцна до 31.01.2022 година

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Градоначалник

Борчо Коцев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ЗРНОВЦИ ОПШТИНА ЗРНОВЦИ